АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ
СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО
ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

SHOQËRIA AKSIONARE
E MENAXHIMIT
TË HAPËSIRAVE AFARISTE
NË PRONËSI SHTETËRORE - SHKUP

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.(24/19) член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-1342/8 од 29.06.2022 г., Извештај од спроведена електронска аукција бр.05-1342/14 од 08.07.2022 г., Извештај од спроведена постапка бр.05-1342/17 од 20.07.2022 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**08796/2022** , Директорот на Друштвото донесе :

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05-1342/18
25-07-2022 20___ год.-vite.
СКОПЈЕ - SHKUP

**О Д Л У К А**

**за избор на најповолна понуда за**
**Тековно и инвестиционо одржување на објектите со кои стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост**

На основ на Записник од отворање на понуди бр.05-1342/8 од 29.06.2022 г., Извештај од спроведена електронска аукција бр.05-1342/14 од 08.07.2022 г., Извештај од спроведена постапка бр.05-1342/17 од 20.07.2022 г. од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-1342/3 од 13.05.2022 г со примена на Отворена постапка со е-аукција, Договорите за Тековно и инвестиционо одржување на објектите со кои стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост се доделуваат на:

**За ДЕЛ 1 (** Скопје, Тетово, Куманово Струмица, Велес, Штип и Кочани)

**„Друштво за посредување,трговија и услуги ДОН ХОЛДИНГ" ДООЕЛ, увоз-извоз Скопје**

**Бул."Партизански Одреди" бр.149, блок 4, Порта Влае – Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 2 (две) прифатливи понуди.

**За ДЕЛ 2** –(Кичево, Прилеп, Битола, Охрид и Кавадарци)

**„Друштво за посредување,трговија и услуги ДОН ХОЛДИНГ" ДООЕЛ,увоз-извоз Скопје**

**Бул."Партизански Одреди" бр.149, блок 4, Порта Влае – Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 2 (две) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:
- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договори за доделување на јавна набавка со носителите на најповолните понуди, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **10(десет) дена** од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

**Генерален Директор**

**Sheval Ceku**

**доставено до**:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

изготвил: Индира Дрпљанин 20.07.2022

контролирал: Анета Тодоровска

Одобриле: Кирил Ѓоргов

Аријана Раман